Предлог

Врз основа на член 22 став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден__.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година

1. Со оваа Програма се вршат следните измени во Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и бр.06/26):

- Во точка 1. АКТИВНОСТИ во колоната „Предвидени средства” износот „1.856.000,00” се брише и се заменува со износот „1.796.000,00”.

- Во потточката 1.6. Поддршка на Невладина организација „Пситрабол”, Велес за организација на музички настан во Велес, во колоната „Предвидени средства”, износот „60.000,00” се брише и се заменува со износот „0,00”.

- Во делот „ВКУПНО”, во колоната „Предвидени средства”, износот „1.856.000,00” се брише и се заменува со износот „1.796.000,00”.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Изменувањето на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година се прави поради тоа што финансиските средства испланирани во конкретната ставка од оваа Програма нема да се реализираат до крајот на календарската година.

Финансиските средства кои се намалуваат од оваа програма ќе бидат предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.

Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година		
Бр.	**Назив**	**Предвидени средства**
1	**АКТИВНОСТИ**	**1.796.000,00**
1.1.	Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности	270.000,00
1.2.	Поддршка на Балетско студио „Анабела”, Велес за активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци	120.000,00
1.3.	Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина”, Велес	200.000,00
1.4.	Поддршка на ЗГ „Велес бајкинг”, Велес за организација на 12. Фестивал на отворено „АЗОТ мтб предизвик 2026”	30.000,00
1.5.	Поддршка на активности на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес	60.000,00
1.6.	Поддршка на Невладина организација „Пситрабол”, Велес за организација на музички настан во Велес	0,00
1.7.	Поддршка на Стрип центар на Македонија - Велес за организација на 23. Меѓународен салон на стрип „Велес 2026” и 8. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2026”	90.000,00
1.8.	Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје	60.000,00
1.9.	Поддршка на активности на ЗГ „Акцијаш – Ветерани”, Велес	60.000,00
1.10	Поддршка на активности на ЗГ за доброволна работа „Велешки акцијаши”, Велес	60.000,00
1.11	Поддршка на рекреативен велосипедски настан „Велес мтб тоур 2026“ во организација на ЗГ „Велес бајкинг“, а во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2026	100.000,00
1.12	Изложба на историски автомобили олд тајмери, ЗГ „Кингс оф д стридс”	60.000,00
1.13	Поддршка на активности на Ансамбл „Керамичар”	100.000,00
1.14	Поддршка на активности на КУД „Вила Зора”	100.000,00
1.15	Поддршка на активности на КУД „Коле Неделковски”	100.000,00

1.16	Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на Стрит фуд фестивал	200.000,00
1.17	Поддршка на Здружение за безбедност на вода и планина „Македонски спасител” за организирање на показна спасителна вежба „Граѓаните подготвени сега”	136.000,00
1.18	Поддршка на ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот”, за организирање на гимкана и спора трка	50.000,00
ВКУПНО		**1.796.000,00**